# Попис на населението

во Македонија, Бугарија, Србија и Хрватска

ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО СЕ ДЕФИНИРА КАКО ОПЕРАЦИЈА ПРЕКУ КОЈА ВО РЕДОВНИ ИНТЕРВАЛИ СЕ ВРШИ ОФИЦИЈАЛНО БРОЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЕДНА ДРЖАВА И ВО НЕЈЗИНИТЕ НАЈМАЛИ ГЕОГРАФСКИ ЕДИНИЦИ, КАКО И СОБИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗБРАНИТЕ ДЕМОГРАФСКИ И СОЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ.

**ПОСЛЕДНИТЕ ПОПИСИ ВО БУГАРИЈА, СРБИЈА И ВО ХРВАТСКА СЕ ОДРЖАА ВО 2011 ГОДИНА. ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПОСЛЕДНИОТ СПРОВЕДЕН ПОПИС Е ВО 2002 ГОДИНА. ВО 2011 ГОДИНА, ПОПИСОТ БЕШЕ ПРЕКИНАТ ПО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА КОЛЕКТИВНА И НЕОТПОВИКЛИВА ОСТАВКА НА ДРЖАВНАТА ПОПИСНА КОМИСИЈА НА 10 ОКТОМВРИ, ДЕСЕТ ДЕНА ПО ЗАПОЧНУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ.**

**ВКУПНО НАСЕЛЕНИЕ СПОРЕД ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ СПРОВЕДЕНИ ПОПИСИ**




**За жител на одредена географска или административна единица ќе се смета само она лице кое имало живеалиште на територијата на таа единица најмалку 12 месеци пред денот на пописот, или пак, кое се преселило на територијата на таа единица во последните 12 месеци пред денот на пописот со намера да остане најмалку една година.**

# 6.000

Почетоците на пописот датираат уште од пред 6.000 години. Пописот во модерната смисла на зборот започнува да се изведува кон средината на 17тиот век. Сегашната техника на попишување на населението е прилично нова и се применува околу 75 години.

**Првиот современ попис на територијата на Република Македонија е спроведен во 1921 година. По Втората светска војна, во Република Македонија се спроведени вкупно осум пописи: во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и 2002 година. Бидејќи пописот во 1991 година бил со нецелосен опфат, во 1994 година повторно е спроведен попис во истата декада. Пописот во 1994 година е прв попис во Република Македонија по нејзиното осамостојување.**

Главните карактеристики според кои еден попис се разликува од останатите операции на собирање на податоци се следните:

- индивидуално пребројување – се собираат информации за секое пребројено лице со цел поединечно забележување на нивните карактеристики;
- истовременост – сите собрани информации за населението и домаќинствата се однесуваат на строго дефиниран референтен временски период;
- целокупност – со пописот треба да бидат опфатени сите лица кои се наоѓаат на територијата на државата;
- информации до најниско географско ниво – пописот треба да даде информации за бројот и карактеристиките на населението до ниво на најмалите географски единици во државата, притоа внимавајќи на доверливоста на податоците за поединците;
- периодичност на одржување – пописот треба да се одржува на регуларни временски интервали со цел да се обезбеди споредливост на резултатите во еден фиксен временски период (се препорачува пописот да се одржува на секои десет години).

**ПРОСЕЧНА СТАРОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ СПРОВЕДЕНИ ПОПИСИ**

| | Последни пет спроведени пописи на населението | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 |
| **Македонија** | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| година | 1975 | 1985 | 1992 | 2001 | 2011 |
| **Бугарија** | нема податоци | нема податоци | нема податоци | 40.4 | 42.7 |
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 2002 | 2011 |
| **Србија** | 32.3 | 33.7 | 37.1 | 40.2 | 42.2 |
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 2001 | 2011 |
| **Хрватска** | 34.0 | 35.4 | 37.1 | 39.3 | 41.7 |

**Може да се забележи тренд на стареење на популацијата, односно зголемување на просечната возраст на населението.**

**Може да се забележи тренд на зголемување на бројот на домаќинствата во четирите држави, но истовремено и значително намалување на просечниот број на членови во домаќинствата.**

**ВКУПЕН БРОЈ НА ДОМАЌИНСТВА СПОРЕД ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ СПРОВЕДЕНИ ПОПИСИ**




**ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЛИЦА ПО ДОМАЌИНСТВО СПОРЕД ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ СПРОВЕДЕНИ ПОПИСИ**

| | Последни пет спроведени пописи на населението | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 |
| **Македонија** | 4.68 | 4.38 | 4.02 | 3.85 | 3.58 |
| година | 1975 | 1985 | 1992 | 2001 | 2011 |
| **Бугарија** | 3.1 | 3.0 | 2.8 | 2.7 | 2.4 |
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 2002 | 2011 |
| **Србија** | 3.76 | 3.63 | 3.24 | 2.97 | 2.88 |
| година | 1971 | 1981 | 1991 | 2001 | 2011 |
| **Хрватска** | 3.4 | 3.2 | 3.1 | 3.0 | 2.8 |






**изработил: Дејан Димитриевски**

ЈУНИ 2018 ГОДИНА

**Парламентарен институт на Собранието на Република Македонија**